Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Бр.-Nr. 02-6075/3
11-11-2019
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), член 4 од Законот за заштита на укажувачи („Службен весник на РМ" бр. 196/15), член 2 став 1 и член 3 од Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор („Службен весник на РМ" бр. 46/16) и член 3 од Упатството за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и обезбедување на заштита на личните и други податоци на укажувачите на Министерството за животна средина и просторно планирање со бр. 02-6075/1 од 11.11.2019, министерот за животна средина и просторно планирање го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

## за назначување на лице за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и обезбедување на заштита на личните и други податоци на укажувачите

1. Се назначува и овластува Мисрете Един, вработена во Министерството за животна средина и просторно планирање на работно место со звање Советник за прекршочна постапка, за овластено лице за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и обезбедување на заштита на личните и други податоци на укажувачите.
   Овластеното лице може да се контактира на адресата Плоштад Пресвета Богородица бр. 3, 1000 Скопје, телефон 072/278-972, или на мејл: m.demiri@moepp.gov.mk или ukazuvachi@moepp.gov.mk.
2. Ова решение влегува во сила на денот на донесувањето.
3. Ова решение се објавува на веб страницата на Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија и на огласната табла на Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија.

**Образложение**

Согласно член 4 од Законот за заштита на укажувачи, ), член 2 став 1 и член 3 од Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор и член 3 од Упатството за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и обезбедување на заштита на личните и други податоци на укажувачите на Министерството за животна средина и просторно планирање, МЖСПП одлучи како во диспозитивнот на решението.

Изработил: Милена Стојановска
Одобрил: **По овластување на министер**
**Државен советник**
**Теодора О. Грнчаровска**

**Министер**
**Naser Nuredini**

Доставено и до:

- Овластеното лице
- Веб страната на МЖСПП
- Огласна табла на МЖСПП
- Архива